# ГОРГОНА МЕДУСА

**Нацртај го митското суштество, напиши го називот и дади краток опис служејќи се со текстот и сликите.**

**Горгони** (стгрч. Γοργόνες) или во превод „застрашувачки“ крилести чудовишта. Во хеленските митови се спомнуваат три горгони по име Стено, Евријала и Медуса, ќерки на Форкис и Кетона. За разлика од првите две горгони кои биле бесмртни, Медуса била со смртна природа.



Името **Медуса** (или Медуза) има значење на „онаа која заштитува“ (стгрч. Μέδουσα). Трите горгони живееле во далечните западни краишта. Нивниот лик бил ужасен. На главите наместо коса имале шиштави змии, а нивните вратови биле покриени со змејски риги. Од устата им стрчеле наострени запци, како оние на вепарот, рацете им биле бронзени, а крилјата златни. Погледот им бил толку продорен така што го скаменувале секого што ќе ги погледне. Медуса ја совладал и обезглавил херојот Персеј. Но, бидејќи таа била претходно зачната од богот Посејдон, од нејзината пролеана крв се родиле Пегас, крилестиот коњ, и Хрисаор, џин со златен штит. Главата на Медуса Персеј ѝ ја подарил на божицата Атена која ја поставила на градите врз штитот наречен ајгида за да ги скаменува сите непријатели кои ќе ја предизвикаат божицата. Според друго митско предание, горгоната Медуса првично била убава девојка која била опседната од Посејдон, принудена на љубовен чин и зачната во храмот на божицата Атена. Поради ова светогрдие, Атена ја казнила со тоа што убавите коси ѝ ги преобразила во рој од отровни змии, а лицето ѝ го нагрдила и изобличила. Така, убавата девојка била претворена во чудовиште како казна од боговите.





Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

Image by rawpixel.com on Freepik

**Кентаври** (стгрч. Κένταυρος) се суштества чиешто тело било спој на човек и коњ. Тие живееле во племенска заедница.  Нивната населба се наоѓала во областа Тесалија на планината Пелион во Хелада. Некои од нив биле благонаклонети кон луѓето, но речиси многумина имале дива и нескротлива природа. Честопати воделе битки со луѓето и вршеле повремени пљачкосувања на човечките населби.

## КЕНТАВР

**Нацртај го митското суштество, напиши го називот и дади краток опис служејќи се со текстот и сликите.**

Секогаш се движеле во групи. Само 20 имиња на кентаврите ни се познати благодарение на тоа што античките митографи ги документирале. За нивното потекло митовите не откриваат објаснување.



Лирскиот поет Пиндар ни оставил податоци дека прататкото на кентаврите се викал Кентавр кој бил син на лапитскиот крал Иксион и Нефела, божица олицетворение на облакот.



Помладото поколение на кентаврите се култивирало, ја загубило дивата и суровата природа придружувајќи им се на Сатирите како следбеници на богот Дионис по шумските предели. Од дивите кентаври најпознати се двајца: Хејрон и Фол.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

Image by rawpixel.com on Freepik



## САТИР

**Нацртај го митското суштество, напиши го називот и дади краток опис служејќи се со текстот и сликите.**

**Сатирите** (стгрч. σάτυρος) се шумски божества кои имаат човечко тело, бушава коса, јаречки уши, мали рокчиња или големи свиени јаречки рогови, козји нозе, коњска или козја опашка. Тие се мешанци помеѓу човекот и јарецот.



Според митското предание, овие суштества се полубогови, живееле подалеку од луѓето, по шумите и горите. Биле следбеници на шумскиот бог Пан (кај Римјаните Силван) и хеленскиот бог Дионис (кај Римјаните Бакхо). Младите сатири имале мали рокчиња, отапен нос, додека постарите имале јаречки рогови и голема брада. Главите им биле накитени со грозје и бршленов венец.

Биле прочуени по нивната ласцивна (бесрамна) природа, а уживајќи во виното најчесто се прикажувани со кантар в рака полна со вино. Најстарите меѓу нив ги викале *силени*, а зрелите *сатири*. За нив се верувало дека можат да бидат опасни и свирепи, но од друга страна се прикажувале и како срамежливи и плашливи. Ги љубеле виното, жените и младите момчиња. Особено ги напаѓале нимфите со кои стапувале во љубовен чин. Скитајќи по шумските појаси свиреле на авлос и танцувале. Во култот на Дионис, мажите ги подражавале овие суштества преоблекувајќи се во сатирска облека, па така и ги викале - *сатири*, додека жените следбенички на Дионис биле нарекувани *мајнади*.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

Image by rawpixel.com on Freepik

**Минотаурот** (стгрч. Μῑνώταυρος) е митско чудовиште од лавиринтот на митскиот крал Миној од Кносос на ос. Крит. Тој имал облик на човек, но со бикова глава. За неговото раѓање постои мит. Пред да стапи на престол, Миној побарал од Посејдон, богот на морето, да му даде знак дека наместо неговиот брат тој ќе го наследи престолот. Посејдон го прифатил неговото барање и му пратил прекрасен бел бик по услов истиот да му го принесе како жртва. Кога белиот бик излегол од морето пратен од Посејдон како знак веднаш станал миленик на Миној. Поради тоа што му се допаѓала убавината на белиот бик, Миној решил да го прејде богот Посејдон и му жртвувал друг бик сметајќи дека нема да забележи. Но, залудно, Посејдон ја дознал измамата, се налутил и начинил жената на кралот Миној, Пасифаја, да се вљуби во белиот бик. Како казна кроткиот бел бик го претворил во див. Пасифаја, не можејќи да ја издржи неприродната љубов спрема бикот, се упатила кај градителот Дајдал да побара помош. Дајдал, разбирајќи ја страста на Пасифаја, изработил дрвена крава. Ѝ објаснил дека само на овој начин може да ја предизвика страста на бикот. Пасифаја влегла во дрвената крава, која одвнатре била шуплива, чекајќи го бикот да ја оплоди. Преку овој неприроден чин Пасифаја останала бремена и на кралот Миној му родила дете. На општо изненадување на сите, детето било хибрид, половина човек, половина бик. Му го доделиле името Минотаур, што иронично во превод значи „бикот на кралот Миној“.

## МИНОТАУР

**Нацртај го митското суштество, напиши го називот и дади краток опис служејќи се со текстот и сликите.**





Image by rawpixel.com on Freepik

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# КЕРБЕР И КИКЛОП

**Нацртај ги митските суштества, напиши го називот и дади краток опис служејќи се со текстот и сликите.**



**Кербер** (стгрч. Κέρβερος) е триглаво куче кое го чувало влезот во подземниот свет, светот на мртвите. Околу вратот му шиштеле змии, а опашката му завршувала со змејска глава. Неговиот застрашувачки изглед ги гонел оние што сакале да излезат од подземниот свет, царството на богот Хад. Единствено херојот Херакле успеал да го улови Кербер. Го довлечкал во светот на живите и му го однел на кралот Евристеј како доказ дека ја завршил едната од дванаесетте задачи.





**Киклопите** (стгр. Κύκλωψ) се тркалезноооки џинови со едно око. Според Хомер, тие биле многуброен народ. Живееле во земјата Хесперија или на поблиските острови. Живеалиштата им биле сокриени во пештерите. По природа биле нескротливи и сурови. Не го познавале писмото, не живееле во цивилизирана заедница, не ја обработувале земјата, ги презирале боговите и биле мошне негостољубиви. Меѓу киклопите најпознат е Полифем, синот на богот Посејдон, кој бил ослепен со колец од ахајскиот јунак Одисеј и неговите собори во пештерата каде што спиел. Според Хесиод, ги имало само тројца, Стероп, Бронт и Арг. Тие биле рожби на првобитните божества, Уран (небото) и Геја (земјата). Му се придружиле на богот Ѕевс во борбата против титаните и му исковале оружје – громот. Во други митски приказни киклопите се прикажуваат како работници под вулканот Ајтна на ос. Сицилија заедно со богот Хефајст, богот на ковачкиот занает. Тие работеле во неговата ковачка работилница.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

*Image by rawpixel.com on Freepik*

## СФИНГА

**Нацртај го митското суштество, напиши го називот и дади краток опис служејќи се со текстот и сликите.**

**Сфинга** (стгрч. Σφίγξ) е чудовиште со лице и гради на жена, тело и нозе на лав и крилја на птица грабливка. Во хеленската митологија сфингата се поврзува со митот за кралот Ојдип (Едип) кој му припаѓа на тебанскиот митолошки киклос, а за неа раскажува и епскиот поет Хесиод. Според митот за кралот Ојдип, богот Зевс ја пратил сфингата да демне во близина на кралството Теба за да го казни кралот Лај поради неговите грешки.



Сфингата го убивала секој патник кој не знаел да ѝ одговори на две загатки. Првата гласела вака: „Што е она што има еден глас, наутро оди на четири нозе, напладне на две, а навечер на три?“, а втората вака: „Тие се две сестри. Првата ја породува втората, а потоа втората ја породува првата. Кои се тие сестри?“. Само Ојдип знаел да одговори на загатките на сфингата. За првата рекол дека тоа е човекот, а за втората дека станува збор за денот и ноќта. По откривањето на значењето, сфингата се налутила и подивеала, а потоа се фрлила од висока карпа и се самоубила.



Името *сфинга* потекнува од старогрчкиот глагол *sphingo* што значи *давам*, *задушувам*, чиешто значење се поврзува со нејзините чудовишни пориви.

**На логото на блог-порталот Mythos е прикажана сфингата седната на јонски капител поставувајќи му загатки на Ојдип.**

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

*Image by rawpixel.com on Freepik*